РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1248/2019
13.12.2019 година
Штип

Претседателот на Апелациониот суд Штип, Наќе Георѓиев, врз основа на чл.92 ст. 2 од Законот за судовите, по прибавено мислење на Седница на судии на 13.12.2018 година за Програмата за работа на Апелациониот суд Штип за 2020 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ШТИП ЗА 2020 ГОДИНА**

При изготвувањето на Програмата за работа за 2020 година, во Апелациониот суд во Штип пополнети се 12 судиски места заедно со Претседателот на Судот од вкупно предвидените 16 судиски места, согласно Одлуката на Судскиот совет.

Едно судиски место е во мирување, бидејќи судијата на Апелационен суд Штип Васка Петрова ја извршува функцијата Претседател на Основниот суд Виница, што значи дека во 2020 година Апелациониот суд во Штип ќе работи со четири судии помалку.

Од тие причини, судиите од граѓански оддел ќе учествуваат во кривичниот совет од пет судии во работата на Кривичниот оддел, а исто така и судиите од кривичен оддел ќе учествуваат во граѓанските совети, кое учество ќе биде регулирано и со Годишниот распоред за работа на судот за 2020 година.

На крајот на годината заклучно со 31.12.2019 година, во Судот биле вкупно 55 вработени лица од кои 12 судии заедно со Претседателот на Судот, 35 судски службеници, 6 припадници на судската полиција и 2 хигеничарки.

Во 2020 година потребни се вработувања на 1(еден) Самостоен референт – благајник и 1(еден) самостоен судски референт - Водител на писарница во кривичен оддел, бидејки овие работни места се упразнија со заминување на овие вработени во старосна пензија на ден 01.07.2019 година, а моментално нивните работни задачи се доделени на сметководителот и водителот на писарница во граѓански оддел, кое го отежнува нормалното функционирање на судот.

Судот располага со три судници, од кои едната е со систем за тонско снимање, и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот.

Постои проблем со сместување на судските советници и соработници бидејќи тие се сместени по двајца во една просторија, а некои се сместени во канцеларии на судии што моментално се упразнети и не е трајно решение. Додека записничарите се сместени по 6 лица во две простории, но сега за сега нема можност за било какво проширување. Ова состојба може да се надмине

само доколку обвинителствата кои се сместени во судската зграда бидат преместени во друга зграда.

Се очекува во текот на 2020 година да се изврши избор на тројца судии од кои што, **еден** во Кривичниот оддел и **двајца** во Граѓанскиот оддел, а судија Васка Петрова треба да се врати како судија во Апелационене суд Штип во текот на месец јули 2020 година, до колку повторно не конкурира за избор за Претседател на Основен суд Виница.

Бројот на нерешени предмети по сите видови да биде значително намален, квалитетот во работењето и решавањето на предметите да биде повисок, решавањето на предметите да биде во рок согласно процесните закони, Судскиот деловник и Програмата на Апелациониот суд во Штип, со цел Апелациониот суд во Штип да биде уште поефикасен и поквалитетен во своето работење од 2019 година.

Врз основа на чл.92 ст.2 од Законот за судовите и чл.7 од Судскиот деловник, со Програмата за работа на Апелациониот суд Штип се конкретизираат работите и задачите од делокругот на Судот особено видот и бројот на предметите работите и задачите за следење и проучување на проблемите што произлегуваат од судската пракса кои се од интерес за правилна и единствена примена на Законот, укажување на правна помош на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Штип преку посетите на определените судии за соработка со конкретните Основни судови, заземање на ставови по правни прашања на Основните судови и друго.

Преку конкретизирање на работите и задачите од делокругот на Апелациониот суд Штип во вршење на судската функција утврдена со Уставот, законите и меѓународните договори, ратификувани во согласност со Уставот, се обезбедува примената на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Според тоа цели и функции согласно Програмата на Апелациониот суд во Штип, се:

- навремено и квалитетно решавање на кривичните, прекршочните, граѓанските и други предмети во надлежност на Судот;
- заштита и почитување на човековите права и слободи;
- непристрасно применување на правото без оглед на положбата и својсвото на странките;
- правна сигурност и создавање услови на секој човек да живее безбедно во рамките на примената на правото;
- давање правна помош на подрачните Основни судови;
- изготвување на анализи, информации, укажувања, сентенци и друго, кои ќе помогнат во правилната примена на правото;
- усогласување на работата на Апелациониот суд со работата на подрачните Основни судови преку извештаите за работа на судовите, посебно за причините на старите незавршени предмети, низ посетите на основните судови при решавањето на конкретни предмети во жалбена постапка;

- следење на Планот за намалување на заостатокот на стари нерешени

предмети во Апелациониот суд Штип и Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Штип;

- средби и советувања организирани со подрачните Основни судови во врска со работата на судиите;

- средби на ниво на Апелационите судови за изедначување на судската практика, со Врховниот суд, адвокатурата, државните органи, со Здружението на судии во врска со едукација на судиите и со советот за судска служба и други државни органи, заради едукација на судските службеници;

- реализирање на Програмата на Академијата за обука на судиите и Јавните обвинители и административно техничкиот персонал од Апелациониот суд Штип, согласно календарот на обуки на Академијата;

-Континуирано подобрување и одржување на системот за управување со квалитет сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015 преку редовни интерни проверки од сертифицираните интерни проверувачи во АС Штип, редовно следење и подобрување на целосната документација на системот со цел на позитивен извештај при надворешната проверка од сертификацискотo тело ИНТЕРЦЕРТ.

За реализација на Програмата се грижи Претседателот на Судот, судиите и вработените во Судот.

Во 2020 година, работата на Апелациониот суд Штип ќе се извршува преку:

-Кривичен оддел,
-Граѓански оддел,
-Оддел за судска пракса
-Одделение за информатика,
-Одделение за материјално и финансиско работење,
-Одделение за човечки ресурси

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

## I КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во Кривичниот оддел ќе работаат два кривични совети кои ќе решаваат кривични предмети, прекршочни и други кривични предмети што се во надлежност на Апелациониот суд во Штип.

Малолетничките предмети ќе ги решава Совет за деца, кој е определен согласно Распоредот за работа за 2020 година.

Во кривичните совети се распоредуваат, еден судски советник, еден виш судски работник, двајца судски соработници.

Во 2020 година се очекува во Кривичниот оддел да има вкупно по сите видови околу **1000** предмети со ориентациона норма и **15** КР предмети без ориентациона норма.

Кривичните предмети во 2020 година, ќе се решаваат помалку сложените во рок од 3 месеци, повеќе сложените најдоцна во рок од 6 месеци од приемот во судот, вклучувајќи ги предметите по кој се изјаснува Вишиот јавен обвинител и предметите по кои се одржуваат јавни седници, во услови на соодветен број на судии во Кривичниот оддел, односно доколку се избери уште еден судија, кој што ќе работи во одделот.

Согласно чл.134 од Судскиот деловник, предметите во Кривичниот оддел ќе се решаваат според редот на приемот, освен во итни или други оправдани случаи согласно ст.2 од овој член.

За решавање на предметите според редот на приемот или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на Судот.

Секој судија од Кривичниот оддел должен е на секои три месеци да го известува Претседателот на Судот за нерешените предмети во определениот рок со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.

## II ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во 2020 година Граѓанскиот оддел ќе работи со 3 или 2 граѓански совети по предметите: ГЖ, ТСЖ, РОЖ и Р предмети.

Граѓанските предмети во 2020 година ќе се решаваат помалку сложените во рок од 3 месеци, посложените предмети во рок од 6 месеци од приемот во Судот.

Во 2020 година се очекува во Граѓанскиот оддел да има вкупно по сите видови околу **3000** предмети опфатени со ориентационата норма и околу **60** предмети што не се опфатени со ориентационата норма.

Врз основа на чл.134 од Судскиот деловник предметите се решаваат редоследно по приемот на предметот, освен во итни или други оправдани случаи како што е предвидено во овој член.

За решавање на предметите според редот на приемот, или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно ќе се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на Судот.

Секој судија од Граѓанскиiот оддел должен е на секои три месеци да го известува Претседателот на Судот за нерешените предмети во определените рокови со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.

При решавањето на сите видови предмети, ќе се обрати особено внимание на:

-пропустите на првостепените судови во врска со времетраење на постапката;

-праќањето на предметите по жалба со пропусти, неспремни;

-каснењето при испраќање по жалба на предметите;

-други пропусти.

Со цел да се зголеми ажурноста на Судовите од ова Апелационо подрачје, значајно е да се укажува на наведените пропусти при посетите на судовите или во посебни укажувања, независно од посетата на Судот.

На внатрешната Веб страна, има објавено формулар заради пополнување од страна на советот кој одлучува по предметот, заради утврдени неправилности при постапувањето на првостепениот суд и истиот се доставува до Претседателот на судот кој понатаму превзема мерки ваквите појави да се сведат на минимум и согласно Законот за управување со движењето на предметите во Судовите.

При решавањето на кривичните и прекршочните предмети, каде дошло до застареност на кривичното и прекршочното гонење, треба да се забележуваат причините за тоа:

-дали притворските предмети се праќаат по жалба навремено или не, и причините за тоа;

-во сите видови на предмети при решавањето да се забележуваат случаите кога првостепените судови не постапуваат по напатствијата на Апелациониот суд Штип и Врховниот суд на Република Македонија;

-да се забележуваат и вакви работи во врска со правни прашања изготвување на анализи, информации и укажувања со цел да се увиди кој судови не го спроведуваат и почитуваат Законот за управување со движење на предмети во судовите.

## III ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА

Во текот на 2020 година во овој оддел ќе работат Претседателот на судот Наке Георгиев кој ќе е Претседател на одделот на судска пракса, а членови се Претседателот на кривичен оддел судија Корнелија Давчева и Претседателот на советот судија Данка Ристова - за кривичниот оддел, Претседателот на граѓански оддел судија Зоранчо Мицевски, судиите Сузана Здравева и Светлана Јованова - за граѓанскиот оддел, а на нив ќе им помага стручен судски службеник, за кривичен оддел Гордана Јанева и за граѓански оддел Ефимија Кралева, како и судскиот информатичар Елизабета Џонова**.**

На седницата на Одделот, ќе се донесе План за следење на судската пракса и ќе се составуват предлози по прашања што се изнесуваат на седниците на одделите заради заземање на определен став за воедначување на судската пракса.

Во Одделот за судска пракса ќе се евидентираат:

-Одлуките не Европскиот суд за човекови права во Стразбур;

-Иницијативи од Врховен суд на РСМ;

-Одлуки на Врховниот суд на РСМ, поделени по правни области;

-Одлуки за судска пракса, поделени по правни области;

-Табели за евиденција на ВПЛ и одлуки за СП;

-Записници од седници на оддел;

-Правни прашања и заклучоци на одделите во АС Штип по одделни правни прашања иницирани во АС Штип и од Основните судови од подрајчето на овој суд;

-Заеднички правни ставови на ниво на Апелациони судови на РМ,

-Стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судската пракса на Врховниот суд на РСМ и Збирка на судски одлуки како и начелни ставови на Врховен суд на РСМ;

-Анализи, информации и укажувања од АС Штип и основните судови на подрачјето на овој суд,

-Сентенци, осврти и други материјали за Билтенот на Судска пракса на АС Штип,

-Други материјали од важност за судската практика.

На Седници на одделот за судска пракса ќе се разгледуваат одлуките од ВСРСМ по вонредни и редовни правни лекови за Кривичен и Граѓански оддел и ќе се издвојуваат одлуките за судска пракса. На овие седници ќе се разгледуваат и други прашања поврзани со овој оддел.

За избраните одлуки се изготвуваат сентенци, а се обработуваат и други содржини кои се поврзани со судската пракса: Заклучоци од средбите на 4-те апелациони судови и ВСРСМ, Одлуки од ЕСЧП и др.

На крајот на годината ќе се изработи Билтен бр.13 на судската пракса на АС Штип во печатена форма, во дигитална форма на ЦД и истиот се објавува на судската web страна и во споделената папка Електронски информатор за судии.

Потребно е редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Програма за судска пракса која што беше целосно преработена во текот на **2019** година.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Во делокруг и функционална надлежност на Претседателот на Судот се предметите по уписниците „СУ“, Су-ДОВ, СУ.СТР.ДОВ, УПП, СУ-ИЗЗ и СПИ.

Во 2020 година Престедателот на судот ќе се грижи за ажурното работење на Судот во сите делови од работата и ќе превзема мерки во таа насока согласно закон.

Согласно чл.23 од Судскиот деловник, Претседателот на Апелационен суд Штип, со Претседателите на Основните судови на заедничка средба најмалку двапати годишно ќе ги анализира податоците од судската статистика и извештаите за работа на Основните судови, (во март и септември) **кои во 2015 година се унифицираа,** ќе превземаат мерки за воедначување на судската пракса, Апелационен суд Штип ќе укажува на слабостите во работата на Основните судови со предлог за нивно отстранување за што ќе бидат известувани надлежните институции во РМ.

## СТАРИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ

Претседателите на Основните судови на подрачјето на АС Штип, ќе ја следат работата на судиите преку АКМИС програмата што е нивна законска обврска, преку работните тела ќе ја следат состојбата со старите нерешени предмети и на Претседателот на судот ќе му прдлагаат мерки за носење планови за решавње на старите предмети. Претседателите ќе се состануваат два пати годишно (март и септември) за да го следат исполнувањето на планот и евентуално негово дополнување и измена.

Судиите ќе доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи со причините за нерешавањето и со план кога предметот би се решил.

- Во 2019 година одговорност е на сите вклучително и на Апелационен суд Штип, старите предмети заклучно со **2014** година во Основните судови да се решат до првата половина на годината, а предметите од **2015, 2016 и 2017** година да се решат до крајот на годината.

- Претседателите на Основните судови и Претседателот на Апелационен суд Штип да изготват акционен план за намалување на заостатокот на стари предмети за 2020 година и истиот да го достават до Судскиот совет до месец март 2020 година.

- Основните судови кои имаат стари предмети во 2020 година, да посветат посебно внимание за тој број да биде намален и да се утврди причината за нерешавањето на старите предмети и евентуално постоењето на одговорност кај судиите кои не ги решиле старите предмети.

- Претседателите на Основните судови да изготват Информација за старите нерешени предмети по судии по добиените податоци од работното тело и судијата кој постапува по предметот, до месец март 2020 година.

- Во 2020 година секои три месеци Претседателите на основните судови до Претседателот на АС Штип, да доставуваат извештај за старите нерешени предмети како и програма изготвена од судиите за начинот на решавање.

- Ваквите состојби ќе се разгледуваат на заеднички состаноци помеѓу Претседателот на Апелациониот суд Штип и Претседателите на Основните судови.

- Со ажурното решавање на старите предмети ќе се придонесе за намалување на поплаките на граѓаните за работата на Судовите, но и намалување на трошоците во судскиот буџетски совет за исплата на надоместоци за судење во неразумен рок.

- Во АС Штип се планира во 2020 година да нема повеќе нерешени

предмети постари од 6 месеци од денот на приемот во овој суд, со исклучок на оние предмети кои од објективни причини неможеле да се решат во тој рок и под услов да се изврши избор на судиите во Кривичниот оддел и Граѓанскиот оддел.

## ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ И ИНФОРМАЦИИ

За 2020 година ќе се изготват збирни прегледи и информации:

- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписниците КЖ, КЖМ, КСЖ, ПРКЖ и КР, кој што ќе го изготви судијата Корнелија Давчева со судски советник Гордана Јанева.
- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот ГЖ кој ќе го изготви судијата Сузана Здравева со виш судски соработник Славица Минова.
- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки по уписник РОЖ кој ќе го изготви судијата Софија Манева со судски соработник Наташа Саздова Бутнејска,
- збирен преглед за укинати и преиначени одлуки од уписникот ТСЖ кој ќе го изготви судијата Светлана Јованова со помлад судскиот соработник Елена Трајчева,
- информација за постапување по УПП предметите од АС Штип за 2020 година и

- информација за состојбата со решавање на старите предмети во Основните судови за 2020 година и ќе ги изработат Претседателот на Судот и Судскиот администратор.

Збирните прегледи и информации ќе се изработат до крајот на месец јануари 2020 година.

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА

Во текот на 2020 година се предвидуваат средби и советувања:

-средба на Претседателот на АС Штип со претседателите на ОС од подрачјето на АС Штип за прашања за судската управа и други тековни прашања.
-средби на Претседателот на АС Штип со Претседателите на Апелационите судови во Скопје, Битола и Гостивар за прашања од тековната работа и правни прашања во врска со решавањето на предметите.
-средби на Апелационите судови и Врховниот суд по Оддели.
-средба на Претседателот на судот и на претседателите на Одделите со други државни органи и институции за решавање на проблемите кои би се појавиле при работењето на Судот и основните судови на Апелационото подрачје.

Стручниот кадар и административно техничкиот кадар во АС Штип исто така ќе учествуваат на советувањата што ќе ги организира Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Одлука за учество на советувања, тркалезни маси и друго, независно од Програмата на Академијата, ќе донесува Претседателот на Судот и Претседателите на Одделите во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, заради подеднакво стручно усовршување.

Претседателите на Одделите во Апелационен суд Штип, до крајот на месец февруари 2020 година, ќе ги изготват програмите за работа на одделите.

Во Програмата на Одделите на Апелационен суд Штип ќе се определи календар за работните посети и средби на Основните судови на подрачјето на Апелационен суд Штип.

## ПОСЕТА И КОНТРОЛА НА ПОДРАЧНИТЕ СУДОВИ

Посетите и контролите ќе се остваруваат заради следење на работата на Основните судови од подрачјето на Апелационен суд Штип, давање стручна помош и согледување на состојбата со старите нерешени предмети.

Претседателот на Апелациониот суд Штип, заедно со Претседателите на Основните судови, ќе ја разгледува состојбата со судската управа согласно чл.7 од Судскиот деловник.

Судиите при контролата ќе ја согледуваат состојбата за старите нерешени предмети и причините за тоа, а во извештаите ќе ги наведат сите битни моменти од приемот на предметот до прегледот.

Судиите ќе даваат свое мислење за тоа:

-дали има објективни или субјективни причини за одоговлекувањето на постапката,

-доколку имаат одредени согледувања во врска со решавањето на предметот тоа да го наведат заради побрзо решавање на старите нерешени предмети

При посетите покрај контролата на старите нерешени предмети судиите ќе даваат правна помош за одредени правни прашања во врска со решавањето на предметите за кои претходно побарале помош граѓанските оддели на судовите, ќе ги изнесат согледувањета и забелешките констатирани при решавањето на второстепените предмети со цел да се надминат слабостите во решавањето на првостепените предмети и ќе укажат на други работи од важност за работата на Судот.

Извештаите за превземените дејствија и извршените посети ќе се изготвуваат во рок од 8 дена од извршената посета, ќе се достават до Основните судови, Судскиот совет, Врховниот суд на РМ и Министерството за правда.

Заради континуирано следење на работата на секој основен суд и давање на стручна помош по барање на Основниот суд или по иницијатива на АС Штип, се формираат работни групи кои ќе извршат посети во месец април-мај и

октомври-ноември и тоа:

1. За Основниот суд **Штип** се определуваат судиите:

-Корнелија Давчева и Тони Делев за кривични и прекршочни предмети
- Кирче Донев и Светлана Јованова за граѓански и трговски спорови
- Софија Манева за работни спорови

2. За Основниот суд **Струмица** се определуваат судиите:

-Мирјана Гоцевска Стефановска и Тони Делев за кривични и прекршочни предмети
-Зоранчо Мицевски за граѓански и трговски спорови
-Сузана Здравева за работни спорови

3. За Основниот суд **Свети Николе** се определуваат судиите:

-Данка Ристова за кривични и прекршочни предмети
-Софија Манева за граѓански спорови и работни спорови

4. За Основниот суд **Кочани** се определуваат судиите:

-Данка Ристова и Славчо Тасев за кривични и прекршочни предмети
-Зоранчо Мицевски за граѓански и трговски спорови
-Софија Манева работни спорови

5. За Основниот суд **Берово** се определуваат судиите:

-Славчо Тасев за кривични и прекршочни предмети
-Кирче Донев за граѓански спорови и работни спорови

6. За Основниот суд **Виница** се определуваат судиите:

-Корнелија Давчева за кривични и прекршочни предмети
-Сузана Здравева за граѓански спорови и работни спорови

7. За Основниот суд **Делчево** се определуваат судиите:

- Весна Димитриевска Накова за кривични и прекршочни предмети
-Светлана Јованова за граѓански спорови и работни спорови

8. За Основниот суд **Радовиш** се определуваат судиите:

-Весна Димитриевска Накова за кривични и прекршочни предмети
-Сузана Здравева за граѓански спорови и работни спорови

За следење на состојбите во Основните судови судиите кои се определени за давање правна помош доколку имаат потреба ќе бараат од Претседателите на

Основните судови одредени податоци.

За определување на судиите на давање правна помош и следење на состојбата во конкретни основни судови од Апелационото подрачје Штип ќе бидат известени Претседателите на Основните судови, Судскиот совет на РМ и Врховниот суд на РМ.

Административно техничкиот персонал работата ќе ја остварува ажурно и ефикасно во рамките на работните задачи предвидени со актите на судот и она што ќе му биде доверено во работа од страна на Претседателот на Судот и Судскиот администратор.

Секој работник од административно техничкиот персонал е должен да води дневник за работа во кој ќе ги евидентира секојдневните извршени работи кои ќе послужат при оценката на нивната работа.

Судскиот администратор ќе ја контролира работата на сите останати вработени и водењето на Дневникот од страна на секој од нив.

Судската полиција е должна да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите, како што е предвидено во Планот за обезбедување од страна на Претседателот на Апелационен суд Штип, да се обучува теоретски и практично онака како што е предвидено во Програмата за обука на судската полиција во 2020 година и Актите донесе од Министерот за правда. Секој судски полицаец кој е на смена води евиденција за легитимирање на странките кои влегуваат и излегуваат од Судот.

За реализација на оваа Програма, одговорни се Претседателот, судиите на Апелационен суд Штип, Судскиот администратор, стручните соработници и сите вработени во Судот.

Претседател на Судот,
Наке Георгиев